# СОДРЖИНА


ДИЛЕМА

- Дали и на кој начин може да се трансформира финансиска поддршка во грант.....5

ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

- Извршување на дополнителна работа кај втор работодавач.....18

СМЕТКОВОДСТВО

- Чување и уништување на трговските книги и сметководствена документација.....34

ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

- Пренос на договорите за вработување во случај на статусни промени кај друштвата.....58

ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

- Плати за месец Август 2020 година.....66
- Коефициент на МДБ за Јули 2020 година.....86
- Коефициенти на пораст на цените за месец Јули 2020 година.....87
- Цени на гориво.....89
- Казнена законска камата.....100
- Курсни листи .....102
- Рокови.....108

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ .....110

# ДИЛЕМА

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *ДАЛИ И НА КОЈ НАЧИН МОЖЕ ДА СЕ ТРАНСФОРМИРА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ВО ГРАНТ*

***Субвенциите за финансиска поддршка претставени преку субвенции за исплата на плати за месец април, мај и јуни 2020, со последните измени на Уредбата за субвенционирање, извршени на 01.05 и 10.06.2020, се стекнаа со можност за претворање во неповратна помош - грант.***

### *ВОВЕД*

Субвенциите за исплата на плати за месец април, мај и јуни 2020, погодени од COVID 19, претставени преку одредбите од Уредбата, која е дополнета со нови измени од 01.05.2020 година и со која финансиската поддршка, може да премине во грант (неповратна), со исполнување на пропишаните услови.

Уредбата за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза, предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година ("Службен весник на РСМ" 111/2020, 113/2020 и 154/20), во целост ја замени старата Уредба ("Службен весник на РСМ" 93/20 и 97/20).

Заменетата Уредба, не содржеше можност за претворање на финансиска поддршка во грант.

Последните измени на Уредбите, дозволуваат користење **во исто време** помош за плати и 50% придонеси од ЗСО, но само за субјектите од дејност туризам, угостителство и транспорт.

## *1. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СУБВЕНЦИЈА*

За користење на финансиската поддршка, работодачот-барател на финансиска поддршка, треба да ги исполни следните **услови**:

а). намалувањето на вкупните приходи за април, мај и јуни 2020, да изнесува над 30% од просечниот месечен приход остварен во 2019;

б). да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност;

в). месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен да примиле најмногу 10% од вкупниот број на вработени;

г). месечната нето плата на вработениот да не надминува 39.900,00 МКД;

д). да не користи субвенционирање за намалување на придонесите до 50% за вработениот (не се однесува за шифри на дејност: угостителство, транспорт и туризам);

ѓ). за вработениот да не користи ослободување од придонесите од ЗСО и од ДЛД, од проектот Македонија вработува;

е). да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО.

### *1.1. Основен услов - 30% намалување на приходот во април, мај и јуни 2020*

Намалувањето на приходите се разгледува кај два типа на работодавачи, во зависност од тоа дали обавувал дејност цела 2019 или е новорегистриран субјект во 2019 година.

Субјектите кои биле регистрирани и вршеле дејност и пред 2019 година се раздвојуваат како сезонски работодавачи и работодавачи кои вршат дејност во текот на целата година.

Процентот на намалување на приходот над 30% е ист и за работодавачите кои биле регистрирани во 2019 и оние кои биле регистрирани и обавувале дејност пред 2019 година.

Намалувањето на приходот до 30% е основниот услов кој задолжително ќе подлежи на контрола, со продолжувањето на податоците од годишната сметка за 2020 година.

Од овие причини во Биланс на успехот задолжително треба да се издвојат еднократните од редовните приходи на правниот субјект во посебните позиции од Образецот.

### *1.1.1 Регистрирани пред 2019 година*

Вкупниот приход за 2019 година кај овие субјекти се зема од работењето од целата година, од кој се минусира еднократниот приход, кој не е својствен за редовните активности на друштвото и не произлегува од деловна активност, остварена од работење во 2019 година.

Како еднократен приход може да се појави приходот од наплатени отпишани побарувања, приходи од отписи на обврски, приходи од пенали и други договорни исполнувања, приходите од наплати на оштетни побарувања, приходи од вишоци и други.

Заради елиминација на приходите, кои не се вклучуваат во приходниот критериум, од кој се пресметува намалувањето за 30% кај овие субјекти, се зема вкупниот приход од редовните активности евидентиран ан АОП 202 од Биланс на успех од 2019 година.

На АОП 202 се прикажуваат приходите од редовните активности од групите конта 73 и 74 – приходи од продажба на производи стоки и услуги.

Наведените приходи треба да се намалат за приходите од продажба на отпадоци и приходите од продажба на нетековни средства (недвижности, постројки и опрема - НПО), доколку се евидентирани како приходи на контата 743 и 744.

Приходите од употреба на сопствени производи - конто 745 исто така треба да се елиминираат, доколку истите се прикажани на АОП 202 (истите од конто 745 се прикажуваат на АОП 206 од БУ).

Намалувањето на вкупните приходи, се зема како податок од остварените вкупни приходи во 2019 намалени за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка, остварени во месец април, мај и јуни 2020 година.

Намалувањето треба да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година.

Условот за намалувањето на приходите е задолжителен и не постои можност за негово неисполнување и прескокнување за да субјектот се стекне со поддршка.

### *1.1.2. Регистрирани во 2019 година*

За работодавач-барател на финансиска поддршка кој е запишани во соодветен регистар (основање) после месец март 2019 година, намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени за месец април, мај и јуни 2020 година, да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи, намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година.

### *1.1.3 Сезонски карактер на работење*

За работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните вкупни приходи намалени за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот барател на финансиска поддршка, остварени за последниот сезонски период од 4 месеци, споредено со просечните вкупни приходи, намалени за одделните еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година, да изнесува повеќе од 30%.

### *1.2. Неисплаќање на дивиденда и награди за деловна успешност*

Работодавачот-барател на финансиска поддршка да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во МПИН образецот.

### *1.3. Највисоките плати над 120.000 МКД да не надминуваат над 10% од вработените*

Најмногу 10% од вкупниот број на вработени кај работодавачот-барател на финансиска поддршка да имаат поединечна месечна нето плата над 120.000 денари месечно, по вработен, за месецот за кој се бара финансиска поддршка.

Работодавачот-барател на финансиска поддршка кој на повеќе од 10% од вкупниот број вработени им исплатува поединечна нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиска поддршка, не ги исполнува условите од првата реченица на оваа точка.

### *1.4. Месечната нето плата на вработениот да не надминува 39.900,00 МКД*

Работодавач-барател на финансиска поддршка не може да користи финансиска поддршка за работник, доколку нето платата на работникот надминува 39.900,00 МКД месечно (гледано за секој месец одделно).

Износот од 39.900,00 МКД се однесува за **последните три месеци пред поднесување** на Барањето (Образец БФП - ИП), односно за месец јануари, февруари и март, за поднесокот за субвенција на плата за април.

Доколку платата на вработениот  е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време), не може да се стекне со субвенција по основ на плата (14.500).

Ако вработениот засновал работен однос за време пократко од три месеци, нето платата на работникот не треба да е повисока од 39.900 денари, за секој месец одделно, за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време).

### *1.5. Да не користи субвенционирање за намалување на придонесите до 50% за вработениот (не се однесува за шифри на дејност: угостителство, транспорт и туризам);*

Доколку работодавачот користи субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, нема право на субвенции по основ на плати до 14.500.

Правото на користење на субвенции на плати од 14.500 и субвенции до 50% од придонесите, заедно, е дозволено за работодавач кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2:

- угостителска дејност (шифра 56 - дејности за подготовка и служење на храна);
- туризам (шифра 79 - туристички агенции организатори на патувања (туроператори);
- останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55 - објекти за сместување) и
- транспорт (шифра 49 - копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50 - воден транспорт, шифра 51 - воздухопловен транспорт и 52 - складирање и помошни дејности во превозот).

За претходно наведените шифри на дејности, се користи правото на користење на двата вида на субвенцинирање, доколку субјектот ги исполнил следните услови:

1). нема искажано загуба после оданочување за 2018 и 2019 година;

2). нема неплатени јавни давачки:

- данок на додадена вредност,
- данок на добивка,
- данок на личен доход,
- придонеси од задолжително социјално осигурување,
- акцизи и
- царини.

Претходниот услов се смета за исполнет доколку работодавачот не е на објавената Листа на должници на доспеани и неплатени долгови бр. 03/2020 на веб страната на Управата за јавни приходи.

3) Заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро (кредитниот регистер).

### *1.6. За вработениот да не користи ослободување од придонесите од ЗСО и од ДЛД, од проектот Македонија вработува*;

Доколку работодавачот, за соодветен вработен, во месец април користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување,

согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот „Македонија вработува“), за истиот нема право на субвенционирање на платите до 14.500 за април.

Работодавачот за месец мај, може да користи субвенционирање на плата до 14.500, доколку со месец април била последната субвенција која му следувала од проектот „Македонија вработува“.

Исклучувањето на субвенционирањњето по двата основа се однесува исклучиво на месечно ниво, во поглед на активно субвенционирање на ослободувањето од ДЛД и придонеси од ЗСО. Исклучувањето не се однесува за месеците од задолжителниот период во кој вработениот треба да се задржи на работа.

### *1.7. Да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО*

Доколку работодавачот вработува работник за дополнително работење, согласно со членот 121 од Законот за работните односи, нема право на финансиска поддршка при исплата на платите за април, мај и јуни.

## *2. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

Средствата кои субјектот ги добил како финансиска поддршка за исплата на платите се враќаат доколку субјектот не ги исполнил општите услови за стекнување со субвенција и посебните услови, кои има обврска да ги исполни по добивањето на финансиската поддршка (субвенцијата).

### *2.1. Општи услови кои важат за враќање на добиените средства за финансиска поддршка*

Работодавачот кој користел финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска да ги врати добиените финансиски средства, доколку се утврди дека не ги исполнувал условите за добивање на субвенцијата.

Средства ги враќа **во целост**, заедно **со камата** согласно со Законот за даночната постапка, доколку по извршена контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека работодавачот не ги исполнил општите условите со член 6 став 1 и 2 од Уредбата.

Согласно одредбите од член 6 став 1 од Уредбата се определуваат условите, кои наложуваат враќање на примените средства од субвенцијата за финансиска поддршка за исплата на платите.

Условите се истите кои се дадени како горни или долни граници, според кои субјектите може да се стекнат со субвенцијата (општите услови за стекнување со субвенција).

Субјектот (член 6 став 1) ги враќа субвенционираните средства, ако не ги исполнил општите услови за добивање на субвенција од член 3 став 5, член 4 или не ги исполнил условите по стекнување со поддршката.

Односно, субјектот **ги враќа добиените средства** од субвенцијата, **доколку остварил**, согласно:

- член 3 став 5 (намалување **помалку од 30%** на приходите, **исплатил дивиденда**, исплатил **бонус** или **друга награда** со шифра 102 во МПИН, исплатил **плати над 120.000 на повеќе од 10%** од вработените)
- член 4 (исплатил **плата над 39.900** три месеци пред месецот за кој поднел барање за субвенционирање, користи субвенционирање за 50% од придонесите, користи ослободување од проектот "Македонија вработува", ја користи субвенцијата за работници за прекувремено работење) и
- член 6 став 2 (го намалил бројот на вработени и отпуштил вработени над предвидениот процент) од уредбата.

### *2.2. Неисполнување посебни услови и враќање на примена субвенција*

За времетраење на финансиската поддршка согласно со уредбата и два месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец јули 2020 година), бројот на вработени кај работодавачот кој користи финансиска поддршка за исплата на плати, во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, (ако користи за три месеци заклучно август), **не смее да се намалува**, освен заради:

- пензионирање и смрт на работник,
- откажување на договорот за вработување од страна на работникот,
- откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски,

- спогодбено преземање на работник,

- престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и

- престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.“

Согласно член 6 ставот 2, вкупниот број на вработени кај работодавачот - корисник на финансиска поддршка не смее да се намали **заклучно со месец јули 2020 година**, **за повеќе од**:

- **15%** кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка,

- **10%** кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка и

- **5%** кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка.

Ако намалениот број на вработени е нецел број, бројот се заокружува на првиот поголем цел број. Бројот на вработени што работодавачот корисник на финансиска поддршка треба да го задржи до јули 2020, ги вклучува вработените на неопределено време, определено време и вработените со работно време пократко од полното работно време.

### *3. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА ДО 50% ОД ДОБИВКАТА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ.

Враќањето на средствате добиени како финансиска поддршка зависи од видот на даночниот обврзник и начинот на плаќањето на данокот на добивка.

Субјектот ја враќа финансиската поддршка, но најмногу **до износот од 50%** од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, **зголемен** за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка.

За обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување, искажан во Билансот на успех за 2020 година, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020

година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал даночна основа за оданочување во Даночниот биланс, износот на примена финансиска поддршка за исплата на плати нема да ја врати во Буџетот на РСМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.

За целите на пресметувањето на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати, работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати поднесува Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати до УЈП.

Формата и содржината на барањето го пропишува министерот за финансии.

Враќањето на износот, ќе се изврши на три месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.

### *4. ТРАНСФОРМАЦИЈА ОД ПОВРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ВО ГРАНТ (НЕПОВРАТНА)*

Согласно одредбите од член 7 став 5 се предвидува и можност за трансформација на примената субвенција - финансиска поддршка за исплата на плати, доколку се исполнат определени услови, на за работодавачите кои имаат максимален број на вработени до 250.

Финансиската поддршка за исплата на плати е неповратна за работодавач-корисник на финансиска поддршка кој вработува до 250 вработени, кој:

- во последните 2 години искажал добивка после оданочување,
- не се наоѓа на листата на должници согласно со последната објавена Листа на должници на доспеани и неплатени долгови на Управата за јавни приходи на денот на поднесување на барањето,
- заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро,

- ќе докаже дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот на добиена финансиска поддршка ги искористил за инвестиции во вработени, оперативни подобрувања во компанијата и продуктивен капитал.

Износнот на инвестицијата, односно направените издатоци во делот на прифателивите категории на инвестирање, мора да биде еднаков или повисок од износот на примената финансиска поддршка.

Инвестициите направени под износот на финансиската поддршка со која се стекнал работодавачот немаат значење за трансформацијата на финансиската поддршка во грант.

### *4.1. Инвестиции во вработени*

Вложувањата во 2020 година направени како тековни трошоци за обуки на вработените се земаат во предвид при поднесување на Барањето за трансформација на поддршка во неповратен грант.

Два вида се дозволени и прифатливи трошоци, покрај основната категорија за целите и дејноста ги опфаќа и комерцијално-финансиските обуки и менаџмент и управувачки.

Следните инвестиции во вработени се прифатливи:

- обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобрување на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки,

- обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирана под обука на вработените за целите на вршење на дејноста.

### *4.2. Оперативни подобрувања на компанијата*

Новиот техничко-технолошки бум, но и новите комерцијално - производствени техники се дозволиви во поглед на признаените издатоци на опреативните подобрувања на компанијата.

Стандардизацијата и пазарната експанзија на субјектот се основот за признавање на инвестциите (трошењето) во поглед на опертивните подобрувања на компанијата.

Во тој поглед прифатливи се следните:

- набавки поврзани со надградба на производството (на пример подобрување на производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитал-на трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки,
- воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост.

### *4.3. Продуктивен капитал*

Класичниот систем од инвестирање исто така е прифатлив за трансформација на финансиската поддршка во грант.

Набавките од оваа категорија можат да се користат и за намалување на даночната обврска за данокот на добивка, по основ на реинвестираната добивка во Образец ДБ и истите меѓусебно не се исклучуваат за примена на само еден вид на ослободување.

Продуктивниот капитал опфаќа:

- набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста.

Набавките работодавачот-корисник на финансиска поддршка треба да ги изврши до крајот на 2020 година.

Набавките за целите на вообичаени деловни активности на компанијата нема да бидат признаени за набавки на продуктивен капитал (пример: плати, канцелариски трошоци, трошоци за одржување, комунални трошоци, трошоци за сметководство и правни работи, за усогласеност и владини такси), трошоци за финансирање, изнајмување, продажни активности /рекламирање, репрезентација, трговски изложби/, набавки за одржување на постојниот софтвер, набавки за одржување на постојните сертификати во индустријата и слични тековни набавки (трошоци).

## *5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО ГРАНТ И ПРЕСМЕТКА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ОБВРСКА ПРИ НЕДОЗВОЛЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА*

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој ги исполнил условите за трансформација во грант од член 7 став 5 до УЈП доставува **Барање за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант**, најдоцна до рокот за поднесување на даночниот биланс за 2020 година.

Во прилог на Барањето **се приложуваат**:

- **фактурите** за извршените набавки и
- **изводи** од носител на платен промет, како доказ за извршеното плаќање на фактурите.

Кон Барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант, работодавачот-корисник на финансиска поддршка до УЈП доставува Уверение за платени даноци и придонеси. Формата и содржината на барањето го пропишува министерот за финансии.

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој не ги исполнил условите за претворање во грант и не ги презентирал доказите неопходни за одобрување на трансформацијата во грант, враќањето на износот на субвенцијата ќе го изврши на три месечни рати, без камата, сметано од денот на добивањето на решение за одбивање на барањето за трансформација во грант од УЈП.

Во рок од 15 дена од приемот на Барањето, УЈП го известува работодавачот за пресметаниот износот за враќање на добиената финансиска поддршка или за целосно ослободување од враќање на добиената поддршка или во рок од 15 дена од приемот на Барањето, го известува работодавачот за одбивање на барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант или издава решение за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант.

Подзаконските прописи од уредбата министерот за финансии ќе ги донесе најдоцна во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на истата.

Со денот на влегувањето во сила на Уредбата престанува да важи Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година („Службен весник на РСМ“ 93/20 и 97/20).

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

*дипл. економист Јулија Минковска*

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА РАБОТА КАЈ ВТОР РАБОТОДАВАЧ*

***Можноста за дополнително работење кај втор работодавач е регулирана согласно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...120/18; 110/19), Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08...247/18), Општ колективен договор за приватен сектор („Службен весник на РМ” 150/12, 189/13; 119/15; 150/16) и други подзконски акти.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 116 од Законот за Работни односи **(*во продолжение Законот*),** полното работно време не смее да биде подолго од ***40 часа*** неделно, ***односно (5) пет работни дена.***

Со закон, односно со колективен договор, може да се одреди како полно работно време, работното време кое е пократко од 40 часа неделно, меѓутоа ***не помалку од 36 часа неделно.***

Со закон или други прописи во согласност со закон, или со колективен договор**, може да се определи** за работните места, кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, полното работно време **да трае помалку** од 36 часа неделно.

Ако полното работно време не е определено со закон или колективен договор, работното време од ***40 часа неделно****.* се смета како полно работно време.

## *1. ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА РАБОТА КАЈ ВТОР РАБОТОДАВАЧ*

Согалсно член 121 од Законот, работникот, кој работи полно работно време, **може по исклучок да склучи договор за вработување, со неполно работно време со друг работодавач,** меѓутоа најмногу за ***(10) десет часа неделно.***

**НАПОМЕНА: за засновање на ваков работен однос, важна е согласноста на работодавачот, каде работникот е вработен со полно работно време.**

Обврзен составен дел на Договорот за вработување за вработување за дополнително работење ***од 10 часа*** неделно е Договорот за начинот на остварување на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време.

На работникот, кој склучува договор за вработување за доплнителна работа со неполно работно време, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со законот, по изминувањето на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос со полно работно време.

Доколку работодавачот, кај кој работникот работи со полно работно време, ја повлекол дадената согласност, престанува да важи и договорот за вработување, за доплнително работење, од 10 часа неделно.

**НАПОМЕНА: Договорот за дополнително работење престанува да важи и со истекот на времето за кое е склучен.**

**Вториот работодавач** кај кој работникот работи втора дополнителна работа е должен до Агенцијата за вработување без објавување на Оглас да достави**:**

- **Пријава/Одјава** *(електронски образец М1/М2 испечатен од системот на Агенцијата за вработување на Република Македонија***)** за работникот во задолжително социјално осигурување *(пензиско и инвалидско, здравствено и осигурување во случај на невработеност*), во согласност со посебните прописи, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, по електронски пат или непосредно - во Агенцијата;

- **Приложување на ППР образец**, овластување на овластено лице со список за лица кои ги пријавува/одјавува, во кое се наведени името, презимето и ЕМБГ, како и бројот на договорот за вработување и датумот на склучување на договорот за вработување, **пред работникот да стапи на работа.**
- **Согласност *од првиот работодавач за дополнително работење кај вториот работодавач;***
- *првиот работодавач за дополонително работење кај вториот работодавач;*
- **Заверена фотокопија** од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата, му се врачува на работникот, ***во рок од три дена*,** од денот на стапувањето на работа.

**НАПОМЕНА: Работникот не може да стапи на работа пред да се склучи договор за вработување и пред работодавачот да го пријави во задолжително социјално осигурување.**

### *1.1. Стапување / нестапување на работа*

Ако ***датумот на стапување на работа, не е определен*** во договорот за вработување, ***како датум на стапување на работа, се смета наредниот ден*** од датумот на потпишувањето на договорот за вработување, а работникот се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македоија на датумот на потпишувањето на договорот за вработување.

Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување, врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работа, исто така и во случај ако на тој ден **работникот од оправдани причини** нема да започне да работи.

**Оправдани причини** според законот, заради кои работникот не отпочнува со работа на денот определен со договорот за вработување, се случаите кога работникот е отсутен од оправдани причини утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување.

Ако работникот неоправдано не стапи на работа првиот ден на денот определен за стапување на работа, ќе се смета дека не засновал работен однос.

**Доколку работодавачот по престанокот на работниот однос, во рок од осум дена** од денот на престанокот на работниот однос, **не го одјави работникот** од задолжително социјално осигурување, **одјава на работникот може да се изврши по барање на работникот**, врз основа на претходно доставен записник од инспекторот на трудот, до Агенцијата за вработување на Република Македонија.

> **НАПОМЕНА: Договорот за вработување се склучува во писмена форма, се чува во работните простории во седиштето на работодавачот і рримерок од склучениот договор за вработување, му се врачува на работникот на денот на потпишувањето на договорот за вработување.**

### *1.2. Договор за дополнително работење кај втор работодавач и согласност за доплнително работење*

За остварување на правата и обврските од работниот однос кај двајца работодавачи ( полно и дополнително работење) се склучува договор за остварување на правата и обврските за дополнителна работа работење кај втор работодавач.

Со овој договор се прецизирани обврските кои работникот ги превзема, но и начинот на остварување на правата на работникот кај двајцата работодавачи.

Договорот е потпишан од работодавачите.

## ДОГОВОР
### за начинот на остварувањето на правата и обврските од работен однос при доплонително работење кај втор работодавач

Склучен на __________________ година помеѓу:

1.________________________________________________

___________________ (како работодавач каде што работникот склучил договор за работа со полно работно време) во натамошниот текст како прв работодавач и

2._____________________________________________
(како работодавач каде што работникот склучил договор за работа со неполно работно време за дополнителна работа) во натамошниот текст како втор работодавач.

**Член 1**

Со овој договор двете договорни страни се договорија за начинот на остварувањето на правата и обврските од работниот однос на работникот ___________________ од ____________ со живеалиште на ул. ____________________ и ЕМБГ_________________.

**Член 2**

**Работникот ги стекнува следните обврски кај двата работодавачи, кои се согласува да ги исполнува, односно:**

- работите да ги обавува совесно, благовремено и квалитетно, а средствата за работа да ги користи совесно, целесообразно и одговорно при што да остварува позитивни резултати во работењето,
- да се придржува кон утврденото работно време и е мерки за безбедност и здравје при работа,
- да ги почитува општите и посебните акти, наредби, напатствија и одлуки на Работодавачот, непосредниот раководител и органите на управување,
- правилно и совесно да се однесува према странките и останатите работници и со своето однесување да го чува угледот на Работодавачот и да ја чува деловната и професионална тајна.

**Член 3**

Работодавачите ги прифаќаат обврските што произлегуваат од Законот за работни односи, другите позитивни законски прописи, колективниот договор, **Статутот и другите општи и поединечни акти, а особено:**

- ✓ да му ги обезбедат потребните услови за успешно извршување на преземените работни задачи,

- ✓ да го почитуваат пропишаното работно време, одмори и отсуства од работен однос, пропишаните средства за заштита при работа и други услови и права во согласност со Законот и колективниот договор,
- ✓ Одмор ________________________________________
- ✓ Работно време кај прв работодавач________________
- ✓ Работно време кај втор работодавач _______________
- ✓ Кај првиот работодавач ќе користи неделен одмор во треење од _______ во деновите ____________________
- ✓ Паузи _________________________________________
- ✓ Годишниот одмор во траење од _________ дена кај првиот работодавач и ________ дена кај вториот работодавач,
- ✓ да го информираат работникот за ризичните работни места и посебни стручни квалификации или познавања или неопходен посебен медицински надзор, во согласност со закон, со наведување на посебните ризици кои според законските прописи можат да бидат последица од работата.

**Член 4**

Овој договор може да се раскине со спогодба на странките и пред истекот за времето на кое е склучен во согласност со законот, колективниот договор или престанува да важи по истекот на времето за кое е заклучен.

**Член 5**

На работникот кој склучува договор за дополнително работење престанува да ма му важи договорот по изминување на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е вработен со полно работно време.

**Член 6**

Договорот е склучен во 4 (четири) исти примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

***Прв работодавач*** ***Втор работодавач,***

__________________ __________________

Врз основа на член 121 од Законот за работни односи Управителот на ______________________________, на ден __/__/2020 година, ја даде следната:

**СОГЛАСНОСТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ**

Лицето,____________________од Скопје, со живеалиште на ул.______________, и ЕМБГ:________________, има засновано работен однос со полно работно време со Друштво _______________________,

На барање на горенаведениот вработен, ја даваме оваа согласност со која **се СОГЛАСУВАМЕ** да вработениот заснова работен однос со неполно работно време со друг работодавач, ***но не за повеќе од 10 часа неделно.***

Оваа согласност ја даваме со цел да му послужи на вработениот при постапката на засновање на работен однос кај друг работодавач и за други цели не може да се употребува.

Согласноста нема влијание на остварувањето на правата и обврските склучени со договорот за работата кај издавачот на согласноста.

*Скопје _________2020 година* **Управител:____________**

## *2. ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ПРИ ДОПОЛОНИТЕЛНА РАБОТА*

### *2.1. Пресметка на даноци и придонеси за полно работно време (кај ПРВИОТ РАБОТОДАВАЧ)*

**ПРИМЕР:** Работникот **„НН”** во месец ***СЕПТЕМВРИ/2020*** година работи со полно работно време, од 40 часа неделно кај работодавачот **„ХЕПС**” и дополнително со 10 часа неделно кај работодавачот **„ИРИС”** по претходна согласност на работодавачот **„ХЕПС”. Бруто плата кај работодавач ”ХЕПС”** изнесува – **40.000** денари, а кај работодавачот „ИРИС” **20.000** денари месечно.

***ПРЕСМЕТКА:***

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **40.000,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 7.520,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 3.000,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 **x** 1,2%) | 480,00 |
| 5. Доплнителен придонес за здрав. осиг. (1 x 0,5%) | 200,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **11.200,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 28.800,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 | 8.228,00 |
| 9. Даночна основа (7 – 8) | 20.572,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **2.057,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **26.743,00** |

### 2.1.1. ПОПЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРИЈАВА

| ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА | ПОДАТОЦИ |
|---|---|
| ***Поле 3.0. до поле 3.4.*** | ***Општи податоци на осигуреникот*** |
| Поле 3.5 – Стаж во денови | **30** |
| Поле 3.6 - Ефективна работа часови | **176** |
| Поле 3.7- Износ на ефективна работа | **26.743** |
| Поле 3.14 – Плата вкупен износ | **40.000** |
| Поле 3.15 – Придонес за ПИО | **7.520** |
| Поле 3.40 – Придонес за здравствено осигур. | **3.000** |

| | |
|---|---|
| Поле 3.42 – Придонес за дополнително здравствено осигурување | **200** |
| Поле 3.44 – Придонес за вработување | **480** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **2.057** |
| Поле 3.17 – Шифра за стаж на осигурување | **0050** |
| Поле 3.30 – Број на Пријава/Одјава од задолжително социјално осигурување | **Број на Договор на Обврзникот** |
| Поле 3.13 – Нето плата | **26.743** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **26.743** |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | ***Трансакциска сметка*** |

**КНИЖЕЊЕ:**

420 – Вкалкулирани плати 40.000,00
240 – Обврски за плата 40.000,00
***(за пресметана плата);***

240 – Обврски за плата 40.000,00
2430 – Нето плата 26.743,00
2340 – Данок на доход 2.057,00
2343 – Придонес за ПИО 7.520,00
2344 – Придонес за здравствено. осигур. 3.000,00
23441 – Придонес за професионално заболување 200,00
2345 – Придонес за вработување 480,00
***(за пресметка на даноци ми придонеси);***

2430 – Нето плата 26.743,00
2340 – Данок на плата 2.057,00
2343 – Придонес за ПИО 7.520,00
23440 – Придонес за здравствено осиг. 3.000,00
23441 – Придонес за професионално забол. 200,00
2345 –Придонес за вработување 480,00
1000 – Трансакциска сметка 40.000,00
***(за исплатена плата даноци и придонеси).***

### *2.2. Пресметка на даноци и придонеси за дополнителна работа од 10 часа (кај ВТОР РАБОТОДАВАЧ)*

Пресметката и исплатата на платата за дополнителна работа кај втор работодавач се изготвува во рамките на концептот **БРУТО ПЛАТА** (Нето плата со сите законски пропишани даноци и придонеси преку МПИН апликација, со таа разлика што при пресметка на Данокот на личен доход кај вториот работодавач **не се користи Месечното даночно намалување,** бидејќи истото се користи во редовната плата со полно работно време, **кај првиот работодавач**, со примена на законските стапки и законските основици за годината, за која се поднесува пресметката.

**ПРИМЕР 2:** Пресметка на плата за **40 дополнителни часа кај вториот работодавач *„ИРИС”***

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **20.000,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 ꞹ 18,8%) | 3.760,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 h 7,5%) | 1.500,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 **h** 1,2%) | 240,00 |
| 5. Дополнителен придонес за здрав. осиг. (1 h 0,5%) | 100,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **5.600,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 14.400,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 | 0,00 |
| 9. Даночна основа (7 – 8) | 14.400,00 |
| **10. Данок на доход (9 h 10%)** | **1.460,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **12.940,00** |

**НАПОМЕНА: Не се користи даночното намалување при дополнителна работа кај втор работодавач бидејќи осигуреникот го користи кај првиот работодавч.**

Работникот за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година*** ке добие вкупно ***НЕТО ПЛАТА*** од двата работодавача во износ од:

***39.683,00** денари (**26.7430 + 12.940,00 денари**).*

### *2.2.1. Пополнување на МПИН пријава кај ВТОРИОТ работодавач*

При пресметка на плата за дополнително работење кај вториот работдавач се пополнуваат следните податоци:

**Вид на обврска - 123** – Плата од дополнително вработување;
**Вид на обврзник** – **110** – Правно лице ***(за свои вработени);***
**Часова за ефективна работа 40 часа** (***2 часа дневно);***
**Прекувремени часови (0);**
**Неплатени мчасови (0);**
**Шифра за вид на стаж 0057 *(скратено работно време).***

***Останатите полиња се поплнуваат редовно***

| ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА | ПОДАТОЦИ |
|---|---|
| *Поле 3.0. до поле 3.4.* | ***Општи податоци на осигуреникот*** |
| Поле 3.5 – Стаж во денови | **30** |
| Поле 3.6 - Ефективна работа часови | **40** |
| Поле 3.7 - Износ на ефективна работа | **12.940** |
| Поле 3.14 – Плата вкупен износ | **20.000** |
| Поле 3.15 – Придонес за ПИО | **3.760** |
| Поле 3.40 – Придонес за здравствено осигур. | **1.500** |
| Поле 3.42 – Придонес за доплнително здравствено осигурување | **100** |
| Поле 3.44 – придонес за вработување | **240** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **1.460** |
| Поле 3.17 – Шифра за стаж на осигурување | **0057** |
| Поле 3.30 – Број на Пријава/Одјава од задолжително социјално осигурување | **Број на Договор на Обврзникот** |
| Поле 3.13 – Нето плат | **12.940** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **12.940** |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | ***Трансакциска сметка*** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Вкалкулирани плати | 20.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 20.000,00 |
| ***(за пресметана плата);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврски за плата | 20.000,00 | |
| 2430 – Нето плата | | 12.940,00 |
| 2340 – Данок на доход | | 1.460,00 |
| 2343 – Придонес за ПИО | | 3.760,00 |
| 2344 – Придонес за здравствено. осигур. | | 1.500,00 |
| 23441 – Придонес за професионално заболување | | 100,00 |
| 2345 – Придонес за вработување | | 240,00 |
| ***(за пресметка на даноци ми придонеси);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Нето плата | 12.940,00 | |
| 2340 – Данок на плата | 1.460,00 | |
| 2343 – Придонес за ПИО | 3.760,00 | |
| 23440 – Придонес за здравствено осиг. | 1.500,00 | |
| 23441 – Придонес за професионално забол. | 100,00 | |
| 2345 –Придонес за вработување | 240,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.000,00 |
| ***(за исплатена плата даноци и придонеси).*** | | |

### *2.3. Поднесување на испрвка на МПИН пријава за дополнителна работа*

Доколку се случи да во месецот имате поднесено и исплатено МПИН пресметката за дополнителна работа со вид на обврзник ***(110,111,112***) и **вид на обврска 123**, во тој случај треба да се изврши корекција на МПИН пресметката со поднесување на пресметка со користење на шифра за вид на обврзник (110,111,112) и шифра за вид на обврска 223.

Корекцијата произлегува поради погрешна примена на шифрата за вид на обврска 123, наместо коректната шифра на вид на обврска 223.

***МПИН пресметката со шифра за вид на обврзник (110,111,112) и шифра за вид на оберска 223 се понесува на следниот начин:***

- **Вид на обврска (*поле 1.3*)** шифра 223;
- **Вид на обврзник *(поле 1.4)*** шифра (110, 111, 112 во зависност од видот на обврзник правно лице или самовработено лице);
- **Часови за ефективна работа** (***поле 3.6***) максимално 46 (2 часа дневно x 23 мах работни денови);
- **Прекувремени часови *(поле 3.6б*)** нула (0);
- **Неплатени часови *(поле 3.6ц)*** нула (0);
- **Бруто плата *(поле 3.14)*** – се внесува вкупниот износ на бруто платата за дополнителна работа за тековниот месец;
- **Придонеси од задолжително социјално осигурување** (***поле 3.15, 3.16, 3.40, 3.41, 3.42, 3.43, 3.44, 3.45***) се пресметуваат придонесите на основица од поле 3.14;
- **Персонален данок од плата** (***pole 3.46)*** – се пресметува персоналниот данок без да се врши намалување на основицата за износот на даночно ослободување;
- **Вид на стаж *(поле 3.17*)** шифра 0057 (означува дополнителна работа за вработени по член 121 од ЗРО);
- **Ефективна нето плата *(поле 3.31)*** – доколку исправката се однесува на зголемување на износот на бруто платата, во тој случај во ова поле се внесува само износот за доплата на нето платата, а доколку вршите намалување на бруто платата, во тој случај ова поле се пополнува со износ нула.

***Останатите полиња се пополнуваат редовно.***

Доколку со пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223 ја поднесувате за исправка на висината на бруто-платата, во тој случај (***во полето 3.14) се внесува вкупниот износ на платата за дополнителна работа (не само разликата***) и на таа основица се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и персонален данок.

Системот за интегрирана наплата во декларацијата за прием ќе ги прикаже претходно платените износи за придонеси и персонален данок од пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и вид на обврска 123.

Доколку пресметените вредности за придонеси и персоналниот данок во исправката се во поголем износ од претходно платените, во тој случај автоматски ќе биде пресметана разликата за доплата.

Во спротивен случај, доколку со исправката вршите намалување на претходно платените вредности за придонеси и персонален данок, во тој случај износот на придонеси и персонален данок ќе биде порамнет на нула, а воедно ќе Ви биде пресметан поврат на средства од идни уплати кој ќе го намали износот за плаќање во нареден/и месеци во пресметката со вид на обврзник (110,111,112) и вид на обврска 123.

### *2.4. Водење на евиденција на вработени работници*

Согласно член 7 од Законот за евиденција од областа на трудот ("Службен весник на РСМ" 16/04…31/13, 147/15), работодавачот води евиденција за вработените работници во која се водат податоци за секој работник кој е во работен однос.

***Според тоа оваа евиденција ќе ја води вториот работодабвач, а се однесува и за работниците кои работат дополнително 10 часа неделно.***

Во евиденцијата за вработените работници, се водат податоци за секој работник кој е во работен однос.

**Евиденцијата за вработените *работници ги содржи следниве податоци*:**

1) Име, презиме и татково име на работникот;

2) Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

3) Ден, месец и година на раѓање,

4) Место на раѓање (општина, населено место држава);

5) Пол (машки-женски);

6) Живеалиште и адреса (општина, населено место, улица и број и држава);

7) Припадност на заедниците;

8) Место на работа (општина, населено место, улица и број, држава);

9) Степен и вид на завршено образование (без образование, основно училиште, средно училиште, више, факултет, магистри и доктори на науки);

10) Степен на стручна подготовка, (НКВ, ПКВ, КВ, ВКВ, ССО за занимање):

- **завршени програми за стручно оспособување**
- **(обука, доквалификација и преквалификација ) и**
- **посебни знаења и способности (компјутерски способности, знаење на странски јазици и други вештини);**

11) шифра и опис на занимање;

12) работно време на работникот (полно работно време или скратено);

13) стаж на осигурување до стапување на работа кај работодавачот;

14) траење на работниот однос:

- **на неопределено време и на определено време;**

15) дали е трудов инвалид;

16) датум на засновање на работниот однос;

17) датум на престанок на работниот однос;

18) основа за престанок на работниот однос;

19) шифра и назив на претежната дејност
на работодавачот;

20) назив на работодавачот;

21) седиште на работодавачот и

22) број на деловниот субјект.

Во случаите кога работникот работи во деловна единица во состав на деловниот субјектработодавач се водат и податоци за:

- **Назив на деловната единица;**
- **Реден број на деловните единици;**
- **Седиште на деловната единица (општина, населено, место, улица и број) и**
- **Шифра и назив на претежната дејност.**

Евиденцијата за вработените работници за определен работник почнува да се води со денот на засновањето на работниот однос, а престанува да се води со денот на престанокот на работниот однос. Податоците за работникот за кого ќе престане да се води евиденцијата за вработените работници се чуваат како документ од трајна вредност.

Во евиденцијата за вработените работници од членот 2 став 6, на законот се внесуваат и податоците што ќе ги пропи-ше министерот за одбрана, односно министерот за внатрешни работи.

Работникот е должен сите промени на податоците што во евиденцијата за вработените работници се внесени врз основа на негова изјава или на лични исправи да ги пријави на работодавачот во рок од 15 дена од денот на настапувањето на промената, ако работодавачот не е известен на друг начин.

### *2.4.1. Начин на водење на евиденција на вработени работници*

Согласно член 50 од Законот за евиденција од областа на трудот, водење на евиденциите во областа на трудот, воспоставени со законот, се врши со запишување на податоците на картотеки, книги, обрасци, средства за автоматска обработка на податоците и во други средства за водење на евиденција.

Запишување на податоците во средствата за водење на евиденциите воспоставени со овој закон, се врши врз основа на јавни исправи, други исправи (**пријави, одјави, извештаи и друго**) и внатрешната документација на работодавачот.

Ако податоците не можат да се запишат во евиденцијата врз основа на исправите, тие се запишуваат врз основа на изјава на лицето, чиишто податоци се запишуваат во евиденцијата.

# СМЕТКОВОДСТВО

*М-р Магдица Костадинова*

## *ЧУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ КНИГИ И СМЕТКОВОДСТВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА*

*Чувањето и архивирањето на финансиската и сметководствената документација, како и други документи пропишани пооделно со законските прописи, се однесува за следните субјекти: Државните органи, Судовите, Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, Трговски друштва и другите правни лица, Политичките партии, Општествените организации и Здруженија на граѓани и Поединци, кои вршат самостојна дејност или професија и Физичките лица.*

### *ВОВЕД*

Чувањето и архивирањето на финансиската и сметководствената документација, е уредена со одредбите на следните законски прописи:

- **Закон за архивски материјал** (“Службен весник на РМ” 95/12; 41/14; 72/15; 148/15; 169/15;53/16**);**
- **Закон за трговски друштва** (“Службен весник на РМ” 28/04; ....30/16;61/16; 64/18; 120/18 );
- **Закон за данок на додадена вредност** (“Службен весник на РМ” 44/99...98/19; 101/19; 124/19; 275/19);
- **Закон за данок на личен доход 241/18; 275/19**);
- **Закон за даночна постапка** (“Службен весник на РМ” 13/06..............35/18; 275/19);

- ***Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници*** (“Службен весник на РМ”61/02; 81/05; 24/11; 145/15;170/17);
- ***Закон за сметководство на непрофитните организации*** (“Службен весник на РМ” 24/03;17/11;54/15);
- ***Закон за евиденција во областа на здравството*** (“Службен весник на РМ” 20/09; .....164/13; 150/15);
- ***Закон за хартии од вредност*** (“Службен весник на РМ” 95/05;.......23/16; 83/18).
- ***Уредба за канцелариско и архивско работење*** (“Службен весник на РМ” 1/14);
- ***Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцеларискoто и архивското работење*** (“Службен весник на РМ” 99/14).

## *1. ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА АРХИВСКИОТ И ДОКУМЕНТАРНИОТ МАТЕРИЈАЛ*

Согласно Законот за архивски материјал (**во продолжение Законот**), се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на РМ.

Заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал е од јавен интерес.

**Архивскиот материјал** претставува целокупниот изворен и репродуциран ***(пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан)*** документарен материјал од трајна вредност, кој е од значење за Републиката, науката, културата, имателите, како и за други потреби.

**Документарен материјал,** како извор на архивскиот материјал, го сочинува целокупниот изворен и репродуциран ***(пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудио визуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан)*** материјал и книги и други евиденции за тој материјал, создадени во работата на имателите, додека тој е од значење за нивната тековна работа и сé додека од него не е издвоен архивскиот материјал.

**НАПОМЕНА: Архивскиот материјал од посебно културно и историско значење, како добро од општ интерес, посебно се заштитува, согласно прописите за заштита на културното наследство.**

Документарниот материјал од којшто не е извршено одбирање на архивскиот материјал, без оглед на тоа кој го создал и каде се наоѓа, претставува и се чува како целина и од него не смеат да се издвојуваат делови.

Архивскиот материјал кој е создаден во електронска, дигитална, оптичка или друга форма (запис), се пренесува во хартиена форма.

Архивскиот материјал, доколку не е можно да се пренесе во хартиена форма, останува во изворна форма во која е создаден. Канцелариското и архивско работење го уредува Владата на Република Македонија.

Начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење, го пропишува директорот на Државниот архив на РМ.

### *1.1. Електронски архивски и документарен материјал*

Согласно член 8 од Законот, електронска архива опфаќа чување на електронските документи во изворен облик, во кој се креирани, испратени, примени и архивирани, облик со кој изворната содржина не се менува.

Електронските документи се чуваат во изворна форма во информацискиот систем на медиуми, кои овозможуваат трајност на електронскиот запис во текот на неговиот пропишан рок на траење и се дел од електронската архива.

Електронските документи треба да бидат во секој момент достапни во читлив облик, за оние лица кои имаат право на пристап до нив и треба да се заверени со електронски потпис.

Електронските документи треба да бидат архивирани во соодветен облик, со соодветна технологија и постапки, кои заедно со електронскиот потпис ќе дадат гаранција за нивната веродостојност и целокупност за време на чувањето, како и гаранција дека не можат да бидат менувани или неовластено избришани.

Електронските документи треба да овозможуваат веродостојно да се утврди потеклото, креаторот, времето, начинот и обликот во кој се ставени во системот за чување.

Постапките за одржување и измена на медиумите за архивирање на електронските документи, не треба да ја менуваат целокупноста и неповредливоста на електронските документи.

Електронските документи треба со сигурност, доверливо и веродостојно да се задржат во периодот на чување, како и соодветните документи на хартија, дефинирани со закон или друг пропис.

Податоците евидентирани во дигитални бази на податоци и дигиталните слики на документи, добиени со дигитализација на конвенцијални документи, се чуваат на начин кој ги обезбедува од неовластен пристап, бришење, менување или губење на податоците, во согласност со закон и други прописи за управување и заштита на информациските системи (***правење на бекап копии секојдневно на компакт диск, DVD, магнетна лента, мобилен цврст диск или на сервер од некој провајдер, кој дава услуги за чување на база на податоци, во согласност со законските прописи).***

Имателот на архивски и документарен материјал е должен да направи план за реконструкција и обнова на податоците во случај на хаварија.

Процедурите за изработка на сигурносни копии и за обнова на податоците, треба да овозможуваат сигурна и целокупна обнова на податоците во најкраток рок.

Електронските записи се архивираат и чуваат на начин со кој се обезбедува обнова на податоците, нивно прегледување и користење во случај на губење и оштетување на податоците во компјутерскиот систем, во кој се врши обработка и запис на податоците, односно оштетување или уништување на инфраструктурата, која овозможува користење на податоците.

### *1.2. Јавен архивски и документарен материјал*

Согласно член 16 од Законот, архивскиот и документарниот материјал создаден во работата на државните органи, институции, јавните установи и служби, јавните претпријатија, единици на локалната самоуправа и градот Скопје, трговските друштва основани од државата или во кои доминантен капитал има државата, единиците на локалната самоуправа и градот

Скопје и правните и физичките лица на кои со закон им се доверени јавни овластувања, претставува јавен архивски и документарен материјал и е сопственост на РМ.

Имателот на јавен архивски и документарен материјал е должен за своето основање, статусна измена, надлежност и престанување со работа да го извести Државниот архив.

Државниот архив, утврдува попис на иматели на јавен архивски и документарен материјал.

***Јавниот архивски и документарен материјал е неотуѓив***.

Приватните правни и физички лица не смеат да собираат, стекнуваат, чуваат и поседуваат јавен архивски и документарен материјал.

### *1.2.1. Права и обврски на имателите на архивски и документарен материјал*

Согласно член 18 од Законот, имателот на архивски документиран материјал **има право на:**

- ***Користење на материјалот,*** согласно Законот и
- ***Стручна помош*** во поглед на заштита, чување и користење на материјалот, со што тој е должен да го заштитува, чува и одржува архивскиот и документиран материјал во изворна и безбедна состојба, да не се оштети, исчезне или уништи.

### *1.2.2. Одбирање на архивски и уништување на документарниот материјал*

Согласно член 21 од Законот, распоредувањето на документарниот материјал, се врши според планот на архивски знаци.

Одбирањето на архивскиот од документарниот материјал и издвојувањето на документарниот материјал се врши редовно според листа на архивски материјал, односно листа на документарен материјал, со рокови на негово чување.

**Имателот донесува:**

- ***План на архивски знаци;***
- ***Листа на архивски материјал*** и
- ***Листа на документарен материјал*** со ***рокови за негово чување*** и ги доставува до Државниот архив заради добивање на согласност за примена на планот и листите.

Директорот на Државниот архив дава согласност за примена на планот на архивски знаци, листата на архивски материјал и листата на документарен материјал со рокови за негово чување, доколку се во согласност со законските и подзаконските прописи.

При одбирањето на архивскиот материјал посебно се обележува архивскиот примерок.

**Одбирање на архивскиот од документарниот материјал создаден до 31 декември 1946 година, може да врши само Државниот архив.**

Одбирање и средување на јавен архивски и документарен материјал, освен имателот, може да врши само Државниот архив.

Трошоците во врска со одбирањето, евидентирањето, средувањето и предавањето на архивскиот материјал ги поднесува имателот на архивскиот и документарниот материјал.

Исто така тој е должен да преземе посебни мерки за заштита на материјалот за време на воена или вонредна состојба, кои посебни мерки ги уредува Владата на РМ.

***По истекот на рокот за чување, документарниот материјал:***

- *Се предава на уништување на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал или*
- *Се уништување кај имателот, согласно со утврдена постапка.*

**НАПОМЕНА: Имателот е должен да изврши попис на предложениот документарен материјал за уништување и пописот со барање го доставува до Државниот архив, заради добивање на согласност за уништување.**

Доколку Државниот архив, констатира дека во предложениот документарен материјал за уништување, нема архивски материјал или документарен материјал на кој не му истекол рокот за чување, издава согласност за негово уништување.

Државниот архив нема да даде согласност за уништување на предложениот документарен материјал, доколку имателот нема извршено попис и опис на архивскиот материјал за периодот за кој се предлага уништувањето на документарниот материјал.

Кога имателот на јавен архивски и документарен материјал ќе престане со работа неговиот материјал во изворна, комплетна, одбрана, средена и евидентирана состојба се предава на имателот, кој ги презема неговите права и должности.

Издвојувањето на документарниот материјал, имателот го врши комисиски, редовно секоја година, врз основа на листата на документарен материјал со рокови на нивно чување.

По истекот на рокот на чување, комисијата изготвува announceописен лист на документарниот материјал, кој се предлага за уништување.

***Пописниот лист на документарниот материјал***, кој се предлага за уништување, се приложува кон барањето и истиот треба да ги содржи следните елементи:

- *Назив на имателот на документарниот материјал;*
- *Реден број на документот;*
- *Година од која потекнува документот;*
- *Архивски знак на документите;*
- *Сумарен опис по видови на документите;*
- *Количество изразено во метри должински;*
- *Образложение зошто се предлага за уништување на документарниот материјал и*
- *Потпис и печат на одговорното лице и потпис на членовите на комисијата.*

**Пописен лист на документираниот материјал предложен за уништување**

**Назив на државниот орган, претпријатието или друго правно лице**

| Р.бр. | Година | Архивски знак | Сумарен опис по вид документиран | Количина во метри (должина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |

**Образложение**:
_______________________________________________

**Потпис на функционер** **Комисија**
**Одговорно лице** М.П. 1. _____________
2. _____________

### *1.2.3. Предавање на архивскиот материјал*

Согласно член 27 од Законот, архивскиот материјал записнички се предава на Државниот архив во изворна, комплетна, одбрана и средена состојба, со попис и опис на материјалот, сместен во архивски кутии на начин и во рокови утврдени спогодбено меѓу имателот на материјалот и Државниот архив. Рокот за предавање на јавниот архивски материјал, не може да биде подолг од 20 години од неговото создавање.

### *1.3. Приватен архивски и документарен материјал*

Согласно Член 30 од Законот, приватен архивски и документарен материјал е материјал кој настанал во работата на приватните правни и физички лица (иматели), односно е во сопственост на приватни правни и физички лица.

Државниот архив утврдува попис на иматели на приватен архивски и документарен материјал, за кој ќе оцени дека е од интерес за Република Македонија.

### *1.3.1 Должности на имателите на приватен архивски и документарен материјал*

Согласно Член 32 од Законот, имателите на приватен архивски и документарен материјал се должни да водат основна или сопствена евиденција за архивскиот и документарниот материал, да донесат план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, да вршат тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и да го чуваат трајно архивскиот материјал согласно Законот.

По исклучок имателите на приватен архивски материјал кои имаат до 49 вработени, се должни да донесат:

- **План на архивски знаци со листа на архивски и документарен материал, доколку имаат архивски материјал и да го чуваат трајно архивскиот материјал.**

Во случај на престанок на имателот на приватен архивски материјал, архивскиот материјал е должен да го предаде на неговиот правен следбеник, односно да го предаде на Државниот архив, доколку нема правен следбеник, во рок од 15 дена од престанокот.

### *1.3.2. Промет со приватен архивски материјал*

Согласно член 33 од Законот, имателот може приватниот архивски материјал да го подари, продаде или даде на чување на трето лице.

Приватниот архивски материјал не смее да се отуѓува или на друг начин отстапува на странски физички и правни лица.

Приватниот архивски материјал кој по пат на подарок, продажба или на чување дојде во владение на Државниот архив е достапен за користење под услови и на начин определени за јавниот архивски материјал, доколку со договорот поинаку не е определено.

### *1.4. Чување и архивирање на финансиско материјалната и друга документација*

Правните и физичките лица во секојдневното работење создаваат документарен материјал, кој имаат обврска да го чуваат во роковите определени со одребите на Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење, додека пак архивскиот материјал ***(извлечен од документарниот) ИМААТ ОБВРСКА трајно да го чуваат.***

Документарниот материјал, меѓу другото, е и материјалот кој произлегува од финансиското и материјалното работење на правните и физичките лица.

Роковите за чување на документитие (меѓу кои и документитие од областа на финансиското и материјалното работење), се утврдени согласно Упатството, како Прилот бр. 3 од Листата на документарен материјал со рокови на чување.

***Согласно Прилог бр. 3 на Упатството под архивски знак 05***, утврдени се роковите на чување на документарниот материјал, односно изворната документација од областа на материјално - финансиското работење, според кои истите се чуваат:

| *Ред. Бр.* | *Документарен материјал и Материјално - финансиски документи* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **05/02.** | Прописи и упатства за финансиско и материјално работење; | **5 год.** |
| **05/03.** | **Евиденции и документи за финансиското работење за Буџетските корисници:** | |
| | Деловни книги на буџетити и буџетските корисници: (*Дневник; Главна книга; Книга на приходи и расходи и книга на средствата, обврските и изворите на средствата*);------------------------------------- | **10 год.** |
| | Помошни книги (*Аналитичка евиденција: Книга на влезни сметки, Книга на наб-* | **5 год.** |

| | | |
|---|---|---|
| | *авки, книга за благајна, Книга на побарувањата и обврските и Книга на изводи на сметката);*<br>Сметководствени документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги;<br>---------------------------------------------------------<br>Исправи што се однесуваат на платниот промет;<br>-------------------------------------------------------<br>Продажни и контролни блокови, помошни пресметки и слични исправи; | **5 год.**<br><br>**3 год.**<br><br>**2 год.** |
| **05/04.** | **Евиденција и документи за финансиското работење за даночни обврзници:**<br>Трговски книги, сметководствени документи, записи и пописи, белешки за применети сметководствени политики и други документи во врска со организацијата; Деловни писма и кореспонденции, Сметки за книжење;<br>---------------------------------------------------------<br>Други документи доколку имаат значење за оданочување:<br>Евиденции за готовински промет *(денарска и девизна благајна);*<br>------------------------------------------------------ | **10год.**<br><br>**5 год** |
| **05/05.** | Евиденции и документи за финансиското работење на непрофитни организации:<br>Дневник;<br>Главна книга;<br>----------------------------------------------------------<br>Помошни книги (аналитичка евиденција); | **10 год.**<br><br>**5 год.** |

| | | |
|---|---|---|
| | Сметководствени документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги;<br>------------------------------------------------------<br>Исправи што се однесуваат на платниот промет;<br>------------------------------------------------------<br>Продажни и контролни блокови, помошни пресметки и слични исправи; | <br><br><br>**3 год.**<br><br>**2 год.** |
| 05/06. | **Исплатни листи за плати, картони за плати и пријави на податоци за утврдување на нето плати и стаж на осигурувањето;** | **5 год.** |
| 05/07 | **Досијеа за јавни набавки за движни ствари и услуги;** | **5 год.** |
| 05/08. | **Преписка за финансиско материјално работење..** | **3 год.** |

**НАПОМЕНА: Роковите на чување на одредени документи од документарниот материјал, не се совпаѓаат со утврдените рокови на чување на тие документи со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за даночна постапка, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководство на непрофитните организации.**

### *1.5. Прекршочни одредби за непочитување на законот*

Согласно член 65 од Законот, **Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на одговорното или службеното лице кај имателот на јавен архивски и документарен материјал, ако:

- не го заштитува, чува и одржува архивскиот и документарниот материјал во изворна и безбедна состојба да не се оштети, исчезне или уништи (***член 19 алинеја 1),***

- не го користи архивскиот и документарниот материјал согласно со овој или друг закон и други прописи или општи акти (***член 19 алинеја 2),***
- не води евиденција за архивскиот и документарниот материјал (***член 19 алинеја 3),***
- не дава податоци, информации за архивскиот и документарниот материјал на Државниот архив (***член 19 алинеја 4),***
- не му дозволи на овластено лице од Државниот архив увид во состојбата на архивскиот и документарниот материјал, истражување, проучување, снимање, користење и преземање мерки за заштита на материјалот (***член 19 алинеја 5),***
- не обезбеди достапност на архивскиот и документарниот материјал на јавноста, според одредбите од овој или друг закон и други прописи ***(член 19 алинеја 6),***
- не го известува Државниот архив за сите правни и фактички промени на архивскиот и документарниот материјал ***(член 19 алинеја 7),***
- не обезбедува услови за сместување и обезбедување на архивскиот и документарниот материјал ***(член 19 алинеја 8),***
- не врши и не го определува начинот на прием, прегледување и распоредување на архивскиот и документарниот материјал ***(член 19 алинеја 9***),
- не го обележува, датира и не води основна евиденција за архивскиот и документарниот материјал и врши негова административно - техничка обработка ***(член 19 алинеја 10),***
- не обезбедува навремено враќање на решените предмети, не го класифицира и средува архивскиот и документарниот материјал и не врши негово одлагање во писарницата (***член 19 алинеја 11),***
- не врши тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал ***(член 19 алинеја 12),***
- не врши издвојување и попис на документарниот материјал за уништување ***(член 19 алинеја 13),***
- не води евиденција (опис и попис ) на архивскиот материјал ***(член 19 алинеја 14),***

- не го обележува и чува архивскиот примерок (***член 19 алинеја 15),***
- не обезбедува соодветен простор, стандардна опрема и техничко - технолошки средства за чување, заштита и обезбедување на архивскиот и документарниот материјал (***член 19 алинеја 16),***
- не го предава архивскиот материјал на Државниот архив во состојба и рокови утврдени со законот ***(член 19 алинеја 17),***
- не планира и не спроведува мерки за заштита на архивскиот и документарниот материјал во случај на воена или вонредна состојба (***член 20 став 1),***
- не постапи по решението, донесено во вршење на инспекциски надзор (***член 60),***
- не донесе план на архивски знаци со листата на архивски и документарен материјал и не го достави до Државниот архив заради добивање на согласност ***(член 21 став 3),***
- уништи документарен материјал на кој му истекол рокот за чување, без согласност од Државниот архив ***(член 24 став 2) и***
- дозволи на трето лице, кое не е вработено во правното лице или органот да одбира и средува јавен архивски и документарен материјал ***(член 22 став 2).***

***Согласно член 65 од Законот, Глоба во износ од 2.000 евра*** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ***кое има над 49 вработени*** и кое е имател на приватен архивски и документарен материјал, не донесе план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, не врши тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и не го чува трајно архивскиот материјал ***(член 32 став 1).***

***Глоба во износ од 30% од одмерената*** глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Разликите во роковите кои се инкорпорирани во поодделни законски прописи и Законот за архивски материјал се со предност на поодделни закони, кои се однесуваат на документацијата согласно наменскиот закон, пред Законот за архивски материјал.

## *2. ЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО–МАТЕРИЈАЛНАТА И ДРУГА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СОГЛАСНО ОДДЕЛНИ ЗАКОНИ И ДРУГИ ПРОПИСИ*

### *2.1. Закон за трговските друштва*

Согласно одредбите од член 474 на Законот за трговските друштва, пропишана е обврската и роковите за чување на трговските книги, сметководствените документи, годишните сметки и финансиските извештаи, за сите регистрирани трговци. Според одредбите на законот, трговците се должни да ја чуваат, во утврдените рокови, следната документација:

| *Ред. Бр.* | *Материјално – финансиска и друга документација* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Годишни сметки и финансиски извештаи | **Трајно** |
| **02.** | Трговски книги (по истекот на годината за која што се однесуваат) | **10 год.** |
| **03.** | Сметководствените документи (од истекот на годината во којашто се искористени за составување на трговските книги) | **5 год.** |
| **04.** | Сметководствените документи за пресметка на плати, како и самите списоци за исплата на плата | **Трајно** |

Исто како и кај Законот за архивски материјал и со Законот за трговските друштва е предвидено дека годишните сметки и финансиските извештаи, трговските книги и сметководствените документи ***се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или за микрографска обработка на податоците.***

Начинот и постапката за чување на овие документи како дел од документарниот материјал на трговецот, ги пропишува одговорното лице кај трговецот, во согласност со одредбите на Законот за архивска граѓа, Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење и истите во секој момент треба да бидат достапни и на барање на надлежни органи презентирани.

***Согласно одредбите на член 547 од Законот за трговските*** друштва е утврдено дека по завршувањето на ликвидацијата над друштвото, ликвидаторите имаат обврска да ги достават годишната сметка и извештајот до содружниците, до собирот на содружниците или до собирот на друштвото.

Ликвидаторите кон пријавата, заради бришење на друштвото во трговскиот регистар, поднесуваат одобрена годишна сметка и извештај како и препис од одлуките на содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото со коишто се одобрува работата на ликвидаторите.

Од напред изнесеното произлегува дека постапката и начинот на чување и архивирање на документацијата е обврска на содружниците, собирот на содружници или собранието на друштвото, а во согласност на одредбите од Законот за архивски материјал.

### *2.1.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 598 од Законот, на трговецот поединец ако не ги чува на соодветен и правилен начин трговските и други документи, ***согласно одредбите од член 474 на Законот за трговски друштва, ќе се казни со Глоба од 1000 евра во денарска противвредност.***

Покрај ***Глобата од 1000 евра*** на трговецот-поединец ќе му се изрече прекршочна санкција ***забрана на вршење дејност*** од 1 до 3 години, сметајќи од денот на правосилноста на пресудата.

Меѓутоа, согласно Законот за трговските друштва не се предвидени казнени одредби за трговските друштва, од причина што архивирањето и чувањето на архивската граѓа и документарниот материјал е предвидена со други закони.

### *2.2. Закон за данок на додадена вредност*

Согласно член 56 на Законот за данок на додадена вредност, фактурите, издадени во согласност со законот за ДДВ, како и деловните книги на даночните обврзници, се чуваат најмалку **5 (пет) години**, по истекот на календарската година, за која се однесуваат.

#### *2.2.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 60 од Законот, на обврзникот на данокот за сторен прекршок, ќе му се изрече глоба ***во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ако:***

Фактурите или другите документи издадени во согласност со законот или деловните книги, не ги чува во пропишан рок, согласно член 56 од Законот.

За овој прекршок се изрекува Глоба и за одговорното лице во правното лице во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, а за физичкото лице, Глоба од 250 до 375 евра во денарска противвредност.

### *2.3. Закон за персонален данок на доход*

Согласно член 66 од Законот, даночните обврзници на персонален данок на ***доход (самостојните вршители на дејност – трговец поединец),*** должни се деловните книги и другата евиденција и документација ***да ги чуваат најмалку 5 (пет) години*** од последниот ден на деловната година, на која се однесуваат, доколку со друг закон поинаку не е пропишано.

#### *2.3.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 143-б од Законот, на обврзникот на данокот за сторен прекршок, ќе му се изрече Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност, ако;

- **Деловните книги, другата евиденција и документација, не ги чува во деловната просторија**;

Согласно член 144 –а од Законот, на обврзникот трговец-поединец ќе му се изрече ***Глоба во висина од 1.000 евра*** во денарска противвредност за сторен прекршок, доколку деловните книги, другата докумнетација не ги чува најмалку 5 години.

### *2.4. Закон за даночна постапка*

Согласно член 48 од Законот, даночниот обврзник кој мора да води деловни книги и евиденции, заради оданочување, доколку тие се регулирани со посебни даночни закони, мора уредно да се чуваат во следните утврдени рокови и тоа:

| *Ред. Бр.* | *Материјално–финансиска и друга документација* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Трговски книги, сметководствени документи, записи и пописи, годишна сметка и финансиски извештаи, белешки за применетите сметководствени политики и други документи во врска со организацијата. | **10 год.** |
| **02.** | Деловни писма и кореспонденции. | **10 год.** |
| **03.** | Сметки за книжење. | **10 год.** |
| **04.** | Други документи, доколку истите имаат значење за оданочување | **5 год.** |
| **05.** | Книжењата и другите евидентирања и во електронска форма, а особено дневниот готовински промет, кој мора да се бележи континуирано – по редослед на неговото настанување. | **5.год.** |

Одредбата за чување и ставање на увид на наведената документација се однесува за потребите на УЈП (даночните органи) и овие рокови не се конечни и не важат за другите органи и цели.

Прекршочните одредби од оваа точка се однесуваат за даночните потреби имајќи во предвид дека одредбите од ЗТД се со повисок рок на чување, истите не знаат дека нема да се спроведуваат прекршочните и другите казнени одредби од ЗТД.

### *2.4.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 179-а од Законот, **Глоба во висина од 3.000 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече на даночен обврзник, правно лице ако:

• Не ги чува Деловните книги и евиденциите, на начин предвиден со Законот.

За овој прекршок се изрекува **глоба за одговорното лице во правното лице во износ од 30% од одмерената Глоба на правното лице, а за физичкото лице, Глоба во висина од 150 до 450 евра,** во денарска противвредност.

Пример: Чувањето на годишните сметки во период над 10 години, повлекува прекршочна санкција, глоба од Законот за даночна постапка и глоба од ЗТД, но и изрекување на забрана за вршење дејност во времетраење од 1 до 3 години од ЗТД( со ЗТД е пропишано трајно чување на годишните сметки).

### *2.5. Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници*

Буџетите и буџетските корисници на крајот на фискалната година, ги заклучуваат и ги подврзуваат деловните книги. Дневникот и главната книга ги потпишува овластеното лице и одговорниот сметководител на буџетот и буџетскиот корисник или лице коешто тој ќе го овласти. Со потписот се потврдува точноста и усогласеноста со законските одредби.

Ако сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметач, откако дневникот и главната книга ќе се заклучат, буџетот и буџетските корисници се должни да ги отпечатат и потоа да ги подврзат.

Согласно член 10 од Законот, деловните книги и сметководствените документи, кои се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин, и според својот вид се чуваат во следните рокови:

| *Ред Бр.* | *Деловни книги и сметководствени документи* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Дневник и главна благајна | **10 год.** |
| **02.** | Помошни книги (*аналитичка евиденција*) | **5 год.** |
| **03.** | Годишни сметки со нивните прилози | **Трајно** |
| **04.** | Конечните пресметки на плати на вработените, како и исплатните листи на платите на вработените, ако содржат битни податоци за вработените | **Трајно** |
| **05.** | Сметководствените документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги | **5 год.** |
| **06.** | Исправите од платниот промет | **3 год.** |
| **07.** | Продажните и контролните блокови, помошните пресметки и слични исправи | **2 год.** |
| **08.** | Основните финансиски извештаи, кои мора да дадат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата, се чуваат во изворна форма. | **Трајно** |

***Рокот на чување на деловните книги,*** почнува со последниот датум од Фискалната година, на која што се однесуваат. Буџетите и буџетските корисници се должни, независно од начинот на водењето и чувањето на книгите, во секое време да обезбедат достапност на истите, да ги чуваат и да ги заштитат во рокот утврден за тоа и мораат да гарантираат, дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

### *2.5.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

**Согласно член 30 од Законот, Глоба во износ од 500** до 800 евра во денарска противредност, ке му се изрече за прекршок на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници ако:

- не ги чува на соодветен и правилен начин деловните книги, сметководствените документи, исправи ни финансиски извештаи до рокот пропишан со Законот, или ако за нивното чување не определи одговорно лице.

**Глоба во висина од 1000 до 1600 евра** во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на одговорниот сметководител, ако не ги чува деловните книги до предвидениот рок (член 10).

### *2.6. Закон за сметководството на непрофитните организации*

Непрофитните организации се должни да водат деловни книги во согласност со одредбите на законот, прифатената сметководствена практика и сметководствените стандарди.

Непрофитните организации на крајот на деловната година, ги заклучуваат и подврзуваат деловните книги. Дневникот и главната книга ги потпишува законскиот застапник на непрофитната организација или лице коешто тој ќе го овласти.

Со потписот се потврдува точноста и усогласеноста со законските одредби.

Ако сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметач, откако дневникот и главната книга ќе се заклучат, непрофитните организации се должни да ги отпечатат, а потоа да ги подврзат.

***Согласно член 8 од Законот*** деловните книги и сметководствените документи, кои се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин и според својот вид се чуваат во следните рокови:

| *Ред Бр.* | *Деловни книги и сметководствени документи* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Дневник и главна благајна---------------------------- | **10 год.** |
| **02.** | Помошни книги (аналитичка евиденција)---------- | **5 год.** |
| **03.** | Конечните пресметки на плати на вработените, како и исплатните листи на платите на вработените, ако содржат битни податоци за вработените------------------------------------------------------- | **Трајно** |
| **04.** | Сметководствените документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги --------------------------------------------------------------- | **5 год.** |
| **05.** | Исправите што се однесуваат на платниот промет-------------------------------------------------------- | **3 год.** |
| **06.** | Продажните и контролните блокови, помошните пресметки и слични исправи --------------------------------------------------------------- | **2 год.** |
| **07.** | Основните финансиски извештаи, кои се чуваат во изворна форма, мора да дадат точен, вистинит и целосен преглед на средствата, обврските, изворите на средствата и приходите и расходите. | **Трајно** |

Рокот на чување на деловните книги, почнува со последниот датум од годината на работењето, на која што се однесуваат.

Непрофитните организации се должни, независно од начинот на водењето и чувањето на книгите, во секое време да обезбедат достапност на истите, да ги чуваат и да ги заштитат, во рокот утврден за тоа и мораат да гарантираат дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

### *2.6.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

***Согласно член 20 од Законот, Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра*** во денарска противвредност, ќе се изрече за непрофитната организација, ако:

- Не ги чуваат на соодветен и правилен начин, деловните книги.

Согласно член 24 од Законот за здравствено осигурување, предвидени се следните рокови за чување документи:

| **Ред Бр.** | **Вид на документ** | **Рок на чување** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Основна медицинска документација (*инд. картон, регистар, амбулантски дневник, историја на болеста, средства за автоматска обработка на податоци, наоди, изјави и мислења и други докум. поврзани со здр. состојба и укажаната здр.заштита.* | **15 години од последниот внес на податоци** |
| **02.** | Здравствен картон и историја на болеста | **15 години по смртта на болниот** |
| **03.** | Стоматолошки картон | **Трајно** |

Здравствените установи се должни даја водат и чуваат основната медицинска документација во хартиена форма или електронска форма.

Во Републичкиот завод за здравствена заштита и во регионалните заводи за здравствена заштита, доставените податоци се чуваат 2 години од обработката, а обработените податоци во електронска форма се чуваат трајно.

### *2.7.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 48-а од Законот, **Глоба во износ од 2.500 евра** во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на правно лице, ако не ја чува медицинската документација на начин и во рокови предвидени **во член 24** од Законот.

За овој прекршок ***Глоба во износ од 30% од одмерената Глоба на правното лице, ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, а на здравствениот работник во здравствената установа ќе му се изрече Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност.***

### *2.8. Закон за Хартии од вредност*

Согласно член 229 од Законот, Комисијата за хартии од вредност е должна во период од ***три години*** од приемот, да ги чува:

- Податоците и документите, доставени од издавачот, во врска со издавањето на хартии од вредност.
- Податоците и документите доставени од акционерските друштва со посебни обврски за известување, согласно со одредбите од овој закон и
- Податоците и документите доставени од учесниците на пазарот на хартии од вредност, согласно со одредбите на законот.

#### *2.8.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно Законот***, не се предвидени казнени одредби*** во случај на непостапување, согласно член 229 од Законот.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## ПРЕНОС НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ КАЈ ДРУШТВАТА

*Пренесувањето на трговското друштво или делови на друштво, само по себе, не дава основа за отпуштање на работниците, освен отпуштање од економски, технолошки или организациони причини, кои налагаат кадровски промени.*

*При статусни промени на друштвата (присоединување, спојување, поделба), од аспект на работоправните односи, значајно е прашањето на правната положба односно статусот на работниците и заштита на нивните права, во случај кога се менува работодавачот.*

### *ВОВЕД*

Законот за работни односи е насочен кон заштита на работниците во случај на статусни промени кај работодавачот, поради кои сите договори за вработување во друштвото се пренесуваат на новиот работодавач, по сила на закон.

На таков начин се обезбедува континуитет на работниот однос на работникот, при што работниците ги задржуваат правата, стекнати кај работодавачот-пренесувач.

Од друга страна, со наведените законски одредби, се заштитуваат работниците од можните манипулации, до кои може да дојде при преносот на друштвото или неговите делови со неоправдано намалување на постојниот број на работната сила, како и до намалување на стекнатите права на работникот.

## *1. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ КАЈ ДРУШТВАТА*

Согласно одредбите од член 3 став 1 точка 47 од Законот за трговски друштва, "статусни промени" означуваат присоединување, спојување и поделба на трговските друштва.

Присоединување или спојување, се врши поради потреба од концентрација на капиталот, пазарот, ресурсите и друго, а до поделба на друштвата, поради ситнење на капиталот, технологијата и друго.

Присоединувањето е постапка во која едно друштво или повеќе друштва, го пренесуваат целиот свој имот, заедно со обврските на друго друштво и со тоа друштвото кое се присоединува престанува да постои, без притоа да биде спроведена постапка за ликвидација.

Спојувањето е постапка во која две или повеќе друштва се спојуваат со што нивниот имот заедно со обврските се пренесува на друштвото што ќе го основаат и тие престануваат да постојат, без да се поведе постапка за нивна ликвидација.

При присоединувањето, друштвото што презема и натаму постои, а друштвото што се присоединува престанува да постои, а кај спојувањето двете или сите друштва кои се спојуваат, престануваат да постојат, при што се основа едно ново друштво.

Едно друштво може, преку поделба, истовремено да го пренесе сиот имот и обврски на две или повеќе новоосновани или постојни друштва и во таков случај станува збор за раздвојување со основање, односно раздвојување со преземање, во кој случај друштвото што се дели престанува без спроведување ликвидација. Друштвото може, преку поделба, дел од својот имот и обврски да ги пренесе на две или повеќе новоосновани или постојни друштва, во кој случај станува збор за издвојување со основање, односно издвојување со пре-земање, при што друштвото што се дели не престанува да постои.

Со член 518 и 528 од Законот за трговски друштва, утврдени се органите надлежни за одлучување за статусни промени и за донесување одлуки за статусни промени. Органот на управување на друштвото, кое се присоединува и органот на управување на друштвото кое презема, склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединување, спојување односно поделба.

## *2. ПРЕНОС НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОМЕНА НА РАБОТОДАВАЧ*

Согласно член 68 став 1 од Законот за работните односи сите права, обврски и одговорности од договорот за вработување и работен однос, преминуваат на новиот работодавач во случаите кога ќе настанат статусни измени.

Меѓутоа, според член 68-а) став 1 и 2 од Законот за работните односи, пренесување на права и обврски кои произлегуваат од работен однос може да се изврши само во случаите утврдени со закон или со други прописи.

Кај сите пренесувања на трговско друштво или делови на трговско друштво на друг работодавач, при што пренесувањето подразбира пренесување на економски ентитет кој го задржува својот идентитет т.е. организирано групирање на ресурсите со цел за извршување стопанска дејност, без разлика на тоа дали таа активност е основна или споредна, станува збор за законски пренос или спојување.

Прашањето за извршување стопанска активност и пренесување обврските и правата кои произлегуваат од работниот однос, понатаму, е дообјаснето со член 68-а) став (4) од Законот за работните односи.

Како задачи или активности на работодавачот се сметаат задачи и активности поврзани со производство и давање услуги и слични активности поврзани според други статутарни одредби од страна на правно или физичко лице во сопствено име и на сопствена одговорност, во објекти или простории, одредени за нивно извршување.

Ваквото законско решение е логична последица на фактот дека само во услови на пренесувањето на економскиот ентитет, кој содржински ја задржува својата дејност-деловниот потфат, постојаната работна сила има законско право да продолжи со извршување на работи и работни задачи кај новиот работодавач.

Содржината на ваквата заштита на работниците се состои во тоа што во случај на статусни промени сите договори за вработување, склучени соглано член 13 став 10 од Законот за работните односи, се пренесуваат на новиот работодавач, и тоа по сила на закон.

Всушност, работникот чиј договор за вработување е пренесен на стекнувачот ги задржува сите права од работниот однос кои ги стекнал до денот на пренесување на договорот за вработување, а стекнувачот на кого договорот за вработување се пренесува, со денот на пренесувањето го презема во неизменет облик и обем сите права и обврски од пренесениот договор за вработување.

На ваков начин се обезбедува правото на работникот на заштита на правата од работниот однос, како на пример, во врска со отказот на договорот за вработување, отказниот рок, отпремнината и друго, а се обезбедува и континуитетот на работниот однос.

Од друга страна, се обезбедува и законитост при преносот на договорите за вработување во однос на законскиот начин на обезбедување на потребата од работници утврден со член 22 од Законот за работни односи.

### *3. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ*

Со член 68 став 1 од Законот за работните односи во материјално правна смисла на зборот, начелно се уредува прашањето за правата на работниците и обврските на работодавачот-стекнувач, во случај на статусни промени.

Од формално правен аспект, сосема е јасно дека во ваков случај работниците засноваат работен однос со работодавачот стекнувач и дека тоа треба да биде спроведено во согласност со соодветните одредби од Законот за работните односи.

Правата на работникот содржани во постојаниот договор за вработување остануваат непроменети, но треба да се пристапи кон склучување на договор за вработување со иста содржина, на кој начин за работникот и формално нов работодавач ќе стане работодавачот- стекнувач (ова исто како и во случај од член 96 став 1 точка 1 од Законот за работните односи кога при давање отказ на договорот  за вработување поради деловни причини на работникот му се нуди вработување кај друг работодавач без огласување, со преземање и склучување на договор за вработување).

На таков начин ќе биде исполнета содржината на член 13 став 1 од Законот за работните односи, која во овој случај својата основа ја има и во соодветните одредби од Законот за трговските друштва.

Доколку, пак работникот не сака да биде преземен кај работодавачот – стекнувач и не сака со него да склучи договор за вработување, во таков случај работодавачот преносител, кој со своја одлука одлучил работникот да биде преземен кај работодавачот- стекнувач, на работникот може да му даде отказ на договорот за вработување. Ова поради тоа што работникот, до тој момент, сеуште е во работен однос кај работодавачот-преносител и само тој има законско овластување да донесе таква одлука. Инаку, работоправниот статус на работникот, во случај кога и понатаму останува во работен однос кај работодавачот- преносител, останува неизменет.

Пренесувањето на трговското друштво или делови на друштво, согласно со член 68-г) став 4 од Законот за работните односи, само по себе, не дава основа за отпуштање на работниците, освен отпуштање од економски, технолошки или организациони причини кои налагаат кадровски промени.

Статусните промени не влијаат врз значајното право на работодавачот за давање отказ на договорот за вработување поради деловни причини односно отпуштање на свои вработени, ниту пак ја ограничува неговата слобода за организирање на друштвото на начин кој е нај соодветен за неговите потреби, под условите утврдени со член 94-а), 95, 96 и 97 од Законот за работните односи и соодветните одредби од колективниот договор со кои е уредено ова прашање.

Со одредбите од член 68-а) став 5 од Законот за работните односи, правата и обврските на работодавачот-преносител за неговите работници на кои работниот однос им престанал, до денот на пренесувањето остануваат непроменети, освен ако со други статутарни одредби не е поинаку определено.

Наведената законска одредба треба да се доведе во врска со член 40 и 41 од Законот за работните односи, со кои е уредено прашањето на исполнување на обврските од страна на работодавачот, во поглед на обезбедување работа и обврска на плаќање за вршење на работата врз основа на склучениот договор за вработување.

Во спротивно, работниците согласно со член 181 од Законот за работните односи имаат право да остваруваат заштита на своите права од работниот однос, пред се, пред надлежните органи кај работодавачот, а потоа и пред надлежниот суд.

Законодавецот со употребата и вметувањето на клаузулата “статутарни одредби”, без оглед на фактот дека според член 1 од Законот за работните односи, работниот однос се уредува со ЗРО или друг закон, колективен договор и договорот за вработување, а не и статутот на друштвото, ја зацврстува обврската на работодавачот да ги распредели вработените во друштвото, кои настануваат или се предмет на статусна промена.

Во одредбите член 68-а) став 6 и 7 од Законот за работните односи, употребените изрази “преносител” и ”стекнувач” го имаат следното значење: ”преносител” значи секое физичко или правно лице, кое поради пренесување, престанува да биде работодавач на трговско друштво или делови на трговско друштво, а ”стекнувач” значи секое физичко лице или правно лице, кое поради пренесување, станува работодавач што се однесува на трговско друштво или делови на трговско друштво.

## *4. ЗАГАРАНТИРАНИ РАБОТНИ ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ*

Според член 68 став 2 од Законот за работни односи, сите права, обврски и одговорности на вработените работници новиот работодавач е должен да ги обезбеди најмалку една година, односно до истекот на договорот за вработување, односно колективниот договор којшто го обврзувал претходниот работодавач.

Стекнувачот продолжува да ги почитува условите договорени во која било колективна спогодба под истите услови применливи за преносителот, во согласност со тој договор, се до денот на престанувањето или истек на колективната спогодба, или влегување во сила, или примена на друга колективна спогодба.

На прашањето, индиректно, укажува и член 68 став 4 од Законот за работните односи со кој, меѓу другото, е утврдено дека независно од правната причина за таквото пренесување и независно од фактот дали правата на сопственост се пренесени, стекнувачот се смета за правно или физичко лице надлежен да продолжи како работодавач во извршување на задачите или активностите од претходниот работодавач или во слични задачи или активности, за период не пократок од една година.

Тоа значи дека стекнувачот, во постапката во која одлучува за правата, обврските и одговорностите на преземените работници, ќе го применува поединечниот колективен договор склучен кај работодавачот- пренесувачот до истекот на една година од преземањето, под услов таков да е склучен согласно со член 203 од Законот за работните односи.

Обврската за работодавачот – стекнувач произлегува и од член 230 од Законот за работните односи, со кој е утврдено дека при статусна измена на работодавачот, на работниците се до склучувањето на нов колективен договор, а најдолго една година, продолжува да се применува колективниот договор кој на нив се применувал во времето на статусната измена (до денот на пренесувањето).

Практично, таквата обврска постои до истекот на времето за кое колективниот договор е склучен кај работодавачот – преносител, или кога кај работодавачот стекнувач биде склучен колективен договор кој согласно со член 208 став 30 од Законот за работни односи, ги обврзува истите работници кои не се членови на синдикат или на синдикатот - потписник на колективниот договор.

## *5. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ*

Согласно член 68 б од Законот за работните односи, при статусни промени, предвидени се мерки за информирање на вработените.

Имено, пред пренесување на правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос на работниците кај работодавачот-преносител на работодавач - стекнувач, преносителот и стекнувачот се должни претходно да ги информираат синдикалните организации за овој факт и да ги консултираат истите, со цел да се постигне договор за

утврдениот или предложениот датум на пренесување, причините за таквото пренесување, правните, економските и социјалните импликации за работниците и предвидените мерки во врска со работниците.

Преносителот е должен во врска со пренесувањето, навремено да ги информира претставниците на синдикалните организации на неговите вработени, пред извршување на пренесувањето, односно стекнувачот е должен во врска со пренесувањето да ги информира претставниците на синдикалните организации на неговите работници во секој случај пред неговите работници директно да се засегнати, што се однесува на нивните услови за работа и вработување.

Кога преносителот или стекнувачот предвидуваат мерки во врска со нивните работници, преносителот или стекнувачот се должни навремено да се консултираат со преставниците на синдикалните организации во врска со таквите мерки, за да се постигне договор.

Работодавачот е должен на синдикатот да му достави, во писмена форма, оформена документација за прашањата опфатени со член 68-б став 1 од Законот за работните односи, односно за утврдениот или предложениот датум на пренесување, причините за таквото пренесување, правните, економските и социјалните импликации за работниците и предвидените мерки во врска со работниците.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл. економист Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во РМ за 2020 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ, за 2020 година за образец (МП – ИН)* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно намалување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.09.2020* | *2.146,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08.....................171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2020* година, изнесува:**

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во РМ. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, која за 2020 година, изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари х 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во ***ЈАНУАРИ*** во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година***, по вработен | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година***, по вработен | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***СЕПТЕМВРИ/2020 година,*** по вработен. | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија ***од 01.07/2020 до 31.03.2021, ќе изнесува:***

**- 14.934,<u>00 денари НЕТО износ;</u>**

**- 21.776<u>,00 денари БРУТО износ.</u>**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*
***(од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)***

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за од работа се плаќа со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2020 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.228,00*** |
| ***Годишно*** | ***98.736,00 (8.228 x 12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***АВГУСТ/2020*** во однос на месец ***ЈУЛИ/2020*** година ***се ПОВИСОКИ за (0,5%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***АВГУСТ/2020*** во однос на месец ***ЈУЛИ/2020*** година, ***изнесува (0,25%).***

## 7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец ***(СЕПТЕМВРИ) 2020*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(VII) СЕПТЕМВРИ/2020 година,*** изнесува:

***27.231,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.85 од 21.09.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од** ***27.231,00 денари:***

**За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>**(60% од основицата ) (*27.231,00* x *60%)***<br>***16.339,00 денари***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ**<br>**НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>**(двократен износ од основицата *(2* x *27.231,00)*:**<br>***54.462,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 54.462,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*:***<br>***(60% од основицата) (27.231,00* x *60%)***<br>***16.339,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.339,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(VII) СЕПТЕМВРИ/2020 година***, изнесува:

***40.640,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.84 од 21.09.2020).***

***8.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(V-VI-VII/2020 година) СЕПТЕМВРИ/2020 година,*** изнесува:

***26.826,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.85 од 21.09.2020).***

Износот ***26.826,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

### *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец СЕПТЕМВРИ/2020 година изнесува:***

***10.730,00 денари во нето износ***
***(26.826,00 x 40%)***

- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец СЕПТЕМВРИ/2020 година во висина на основицата:***

***26.826,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)

***16.256,00 денари-* НЕТО износ *(40.640 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

### *ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*

**(*двократен износ од основицата (2 x 26.826)***

***53.652,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 53.652,00 ден.***

### *ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*

**за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец** *(**во висина на основицата**)*

***26.826,00 денари***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОДВОЕН ЖИВОТ***

**од семејството (60% од основицата - 60% од *26.826,00)***

***16.096,00 денари***

***Ослободен од Данок на личен доход до 16.096,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

**(8% од основицата (8% од *26.826,00)*)**

***2.146,00 денари* (**

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.146,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

**во висина од три основици (*3 x 26.826,00)***

***80.478,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 80.478,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

**во висина од две основици (*2 x 26.826,00 денари)***

***53.652,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 53.652,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

(во висина на основицата)

***26.826,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 26.826,00***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

***(во висина на стварни трошоци)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

***(во висина од 20% од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година (25.213,00 x 20%)***

***5.043,00 денари***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(V-VI-VII/2020 год.)*** – ***СЕПТЕМВРИ/ 2020 година изнесува:***

***40.043,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.84 од 21.09.2020).***

### *8.3. Најниска оснвица за придонеси за САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА во 2020 година*

| |
|---|
| *САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – **вршител на самостојна економска дејност (*таксисти, занаетчии*)** <br> ***19.160,00 денари*** |
| *САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – **вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***38.319,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност *(адвокати, нотари, извршители)* до истекот на првата година на отпочнување на дејност:** <br> ***19.160,00 денари*** |

### *8.4. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА*

***за придонеси за самовработени лица во 2020 година***

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати. (12 x 38.319,00 денари)*** <br> ***459.828,00 денари).*** |

### *8.5. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ* просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година** ***(4 x 25.213,00 денари).*** <br> ***100.852,00 денари*** |

## *8.6 НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2020 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година, изнесува:

***49.811,00 денари***

## *8.7. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*
### *за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец СЕПТЕМВРИ/2020 година*** изнесува(***2 х 26.867,00 денари)***

***53.734,00 денари .***

## *8.8. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК*
### *на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка („Службен весник на РМ" 112/14…275/19), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната 2019 година во РМ во висина од:

***18.723,00 денари***

***(50% од 37.446,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## *8.9. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ во доброволен пензиски фонд*

| |
|---|
| 1. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни бруто плати исплатени во претходната 2019 година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат: ***(2 x 37.446,00)*** |
| ***74.892,00 денари*** |

## *8.10. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година ("Службен весник на РМ" 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** (**30%** од просечна Месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 26.826,00)*** ***8.049,00 денари*** ***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.049,00 денари)*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** ***30.000,00 денари*** ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** ***15.000,00 денари*** ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** ***(за најмалку 10 години работа)*** ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ СЕ ПРОПИШАНИ)***

***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***

***(двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):***

***54.462,00 денари (2 x 27.231,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 54.462,00 денареи***

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

**Е**днократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА***

**за потребите на работодавачот** ***(во висина на стварни направени трошоци).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за СЕПТЕМВРИ/2020***

***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година***):

***5.617,00 денари (37.446,00 x 15%)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари***

***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2020 година.***

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 276/2019), вредноста на бодот за ***2020 година изнесува***:

***81,60 денари***

### *8.10. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *8.11 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

## *8.12 ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

## *8.13 ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

### *8.13.1 За приватен сектор*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе.............................................................. 35%***
- ***Работа во три смени ............................................... 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

***8.13.2. Јавен и општествен сектор***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.............................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ...............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

*НАПОМЕНА:* **Основната плата на работникот се згоемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.934,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.934,00** |
| 2. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.706,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (4 x 11,1111%)** | **745,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.679,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.197 x 1,3889)** | **21.776,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 261,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 109,00 |
| 11 **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.097,00** |
| 12 Бруто плата намалена за придонеси (5 - 11) | 15.679,00 |
| 13 Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 14 Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.451,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **745,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.934,00** |

### *9.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.776,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.776,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.097,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.679,00 |
| 8. Даночно намалување за 2019 година | 8228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.451,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **745,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.934,00** |

### *9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 19.160,00 денари во БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **19.160,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.602,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.437,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 230,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 96,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.365,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.795,00 |
| 8.Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.567,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **557,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 11)** | **13.238,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 19.160,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 19.160,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 19.160,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 13.238,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 557,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.365,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 13.238,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 557,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.365,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 19.160,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

***9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 613.104,00 денари (БРУТО ИЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **613.104,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 115.264,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 45.983,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.357,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.066,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **171.670,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 441.434,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 433.206,00 |
| **10. Данок на доход од 10%** | **43.321,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **398.113,00** |

***9.6. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ИЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 171.669,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **528.331,00** |
| 4. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 520.103,00 |
| 6.Данок на личен доход од 10% *(5 x 10%)* | 52.010,00 |
| **7. Нето плата (1 – 2 - 6)** | **476.321,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## *КОЕФИЦИЕНТИ НА МДБ*

### Коефициент на МДБ за месец АВГУСТ/2020 (0,2%)
(*„Службен весник на РСМ” 216/2020)*

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка (“Службен весник на Република Македонија” 112/2014...232/19; 275/19; ), Државниот Заводот за статистика го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ АВГУСТ / 2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот ***АВГУСТ/2020 година*** во од-нос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | ***0,2%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок од добивка за месец ***АВГУСТ/2020 година*** изнесува: | ***0,2%*** |

Бидејки нема пораст на коефициент на МДБ за месец ***АВГУСТ/2020 година,*** Месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** од годишниот данок утврден во Даночниот биланс за 2019 година ***(АОП 56) помножен со 0,2%.***

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ/2020 ГОДИНА

***Месечен коефициент за АВГУСТ/2020 (0,008) .***

***Кумулативен коефициент од I до VIII/2020 (0,009).***

### *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***АВГУСТ/2020*** **година** во однос на ***ЈУЛИ***/***2020*** **година.** | ***0,008*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на **АВГУСТ/*2020*** **година.** | ***0,009*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***АВГУСТ/2020*** **година** во однос на ***ЈУЛИ/2019*** **година**.. | ***0,008*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***АВГУСТ/2020 година***, во однос на ***ЈУЛИ/2020 година.*** | ***0,008*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***АВГУСТ/2020 година*****.** | ***0,022*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***АВГУСТ/2020 година*** во однос на ***ЈУЛИ/2019 година***. | ***0,007*** |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***АВГУСТ/2020 година***, во однос на **ЈУЛИ/2020 година*.*** | ***0,005*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на трошоците на `ивот во Република Македонија вом период од почетокот на годината до крајот на ***АВГУСТ/2020 година*** во однос на просекот на трошовите на живот ***во 2019 година.*** | ***0,009*** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## П Р Е Г Л Е Д
## НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
## (од 01.09.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во ***("Службен весник на РМ" 210/2020),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***<u>за период од 01.09.2020 до нова промена.</u>***

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | До 60,00 | 18,00 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 62,00 | 18,60 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 52,00 | 15,75 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 51,50 | 15,45 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 26,531 | 7,96 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 20,144 | 6,04 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 21,806 | 6,54 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 19,253 | 5,78 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | До19,073 | 5,72 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 19,094 | 5,73 |

**Табела 3**
**Еколошка такса**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

**Табела 4**
**Задолжителни резерви на нафта**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5 Акцизи**

| А | МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 23,692 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 23,692 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 18,121 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 18,121 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 08.09.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во ***("Службен весник на РМ" 216/2020),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од08.09.2020 до нова промена.***

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти |
|---|---|---|---|
| | | | 30% |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | До 59,50 | 17,85 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 61,50 | 18,45 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 50,50 | 15,15 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 50,50 | 15,15 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 25,956 | 7,79 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 19,506 | 5,85 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 21,157 | 6,35 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 18,232 | 5,47 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
